Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ, број 05/02 ) и член 36 став 1 од Статутот на Општина Штип (Службен гласник на Општина Штип, број 01/03, 08/07, 11/8, 07/09 и 16/09, 04/11 и 13/14)Градоначалникот на Општина Штип на ден 01. 10.2021 година објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

За апликирање на предлог активности од здруженија и фондации од Општина Штип за Програмата за еднакви можности за 2022 година

Се повикуваат сите заинтересирани здруженија и фондации од Општина Штип регистрирани според Законот за здруженија и фондации (Службен Весник на РМ бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016) кои преку својата работа придонесуваат за развојот на локалната заедница во делот на родовата рамноправност да се пријават со свои предлог активности кои ќе бидат вклучени во Програмата за еднакви можности за 2022 година.

Приоритетни области и цели:

1. Подобрување на пристапот на жените до квалитетни здравствени и социјални услуги,
2. Подобрување на економската положба на жените во општина Штип,
3. Зголемено учество на жените во општествениот живот,
4. Спречување на родово базираното насилство,
5. Собирање родово разделена статистика.

Право на учество:

-Се регистрирани согласно Законот за здуженија и фондации (Службен Весник на Рм бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016 )

-Имаат седиште на територијата на Општина Штип,

-Дејствуваат на територијата на Општина Штип и активностите кои ќе ги предложат да се во согласност со Стратегијата за родова рамноправност на Општина Штип.

- Предложените активности да може да се реализираат во периодот јануари- декември 2022 година.

Потребна Документација која здруженијата и фондациите треба да ја достават:

Продлог активност заедно со потребните финансии за реализација.

Копија од Решението за упис во регистерот на Здруженија и фондации,

Профил на организацијата и сертификати за лицата кои ќе бидат одговорни за реализција на предложената актиувност.

Вкупниот буџет за сите активности кои ќе бидат опфатени во Програмата за 2022 година изнесува 350 000 денари.

Јавниот повик трае 15 дена од денот на објавување на повикот.

Предлозите со потребните документи треба да се достават најдоцна до 15 октомври 2021г. во архивата на Општина Штип, електронски на меил адресата: Suncica.gjufteska@stip.gov.mk или преку пошта на адреса:

Општина Штип –Локален коодинатор за еднакви можности Сунчица Ѓуфтеска

Ул.,,Васил Главинов,, 4Б

2000 Штип.

Бр.12-5282/1

01.10.2021Г.

Штип

Општина Штип

Градоначалник

Д-р Сашко Николов

Изработил: С.Ѓуфтеска

Секретар: Соња Китанова